08-988/4
02-06-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 32-та седница одржана на ден 22.05.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 08-3319/1 од 19.12.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-3319/1 од 19.12.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 08-3319/1 од 19.12.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ____________________ по престанок на функцијата градоначалник на Општина ________________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека лицето ________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата градоначалник на Општина ______________, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-988/2 од 03.03.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 10.03.2026 година. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот.

Со оглед дека лицето ________________ и по уплатата на глобата се уште нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата ќе достави укажување до истиот за исполнување на законската обврска од членот 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Б.С., советник
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК